**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ**
Нк.бр. 02-728/4
28.11.2013 год.
С к о п ј е

Примерок бр. 2
Страници вкупно: 2

**ДО: ЗДРУЖЕНИЕТО АНАЛИТИКА – СКОПЈЕ**

**Предмет:** **ПРОИЗНЕСУВАЊЕ ВО ОДНОС НА ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ,** одговор, доставува.-

Во врска со предлозите на здружението Аналитика за Програмата за работа на Владата на РМ за 2014 година во областа на безбедноста, Ви ги доставуваме предлозите и мислењата на Агенцијата за разузнавање:

- Агенцијата за разузнавање покрена иницијатива за донесување на нов Закон за Агенцијата за разузнавање, чие донесување ќе се одвива во целосно транспарентна постапка и во соработка и консултации со сите заинтересирани страни.

- Во новиот закон ќе биде регулирано и прашањето за внатрешна контрола, односно ќе се вметнат одредби со кои генералниот инспектор ќе ја превземе улогата на внатрешна контрола во Агенцијата за разузнавање. Во постапката поблиску ќе се дефинираат поставеноста и надлежностите на генералниот инспектор.

- Во однос на предлогот за посебен закон за контрола и надзор на безбедносно-разузнавачките служби, сметаме дека треба да се следат и имплементираат позитивните меѓународни практики и искуства.

- Во врска со предлогот за објавување на политиките на приватност на податоци на интернет страната на Агенцијата за разузнавање, Агенцијата на својата веб страна ги објавува податоците кои се во согласност со законите кои ја регулираат оваа област.

- Агенцијата за разузнавање континуирано објавува информации за буџетот и јавните набавки на својата веб страна, кои се транспарентни и достапни до јавноста.

- Во координација со Министерството за финансии на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање се залага за зајакнување на капацитетите во единицата за внатрешна ревизија.

**АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ**
**ДИРЕКТОР**
**Наке Чулев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ СКОПЈЕ

**Документот не смее да се копира и дистрибуира**

**Доставено до:**
1. Здужението аналитика – Скопје (примерок бр.1)
2. Архива (примерок бр.2)